Интерпромет
а. д.
Бр. 0201-451/1
10.06 2022 год.
ТЕТОВО

Врз основа на член 335 и член 335 од Законот за трговските друштва и член 20 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул. Илинденска бр. 18-а, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871 – пречистен текст на Статутот заведен во Друштвото под број 0101-453/1 од 15.09.2021 година, како и во согласност со одредбите од Планот за поделба на друштвото усвоен со одлука на управниот одбор за усвојување на план за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво од ден 08.02.2022 година, заведена во друштвото под архивски број 0202-43/1 од 08.02.2022 година и изготвен во форма на нотарски акт број ОДУ 57/2022 од ден 18.02.2022 година на нотар Нита Џафери-Исени од Тетово, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на седницата одржана на ден 10.06.2022 година во Тетово, ја донесе следната:

# О Д Л У К А
## За стекнување на сопствени акции со откуп во постапка за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово

**Член 1**

**СЕ ОДЛУЧУВА** ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово да стекне сопствени акции со откуп во рамките на постапката за поделба на друштвото со издвојување со основање на ново трговско друштво.

Предмет на откуп во смисла на став 1 ќе бидат акциите на акционерите кои во постапката за поделба на друштвото се произнеле дека не сакаат за нивните акции да преземат удели во новооснованото друштво кое настанува со поделбата на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, и бараат од ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово да им ги откупи акциите според понудената цена утврдена со Планот за поделба.

**Член 2**

Листата на акционери, родот и бројот на акции кои ќе бидат предмет на откуп се дадени во Прилог 1 кон оваа одлука, кој претставува нејзин составен дел.

**Член 3**

Акциите во смисла на член 1 и 2 од оваа одлука ќе бидат откупени по цена од 4.500 денари, односно 73 евра, согласно членот 14 од Планот за поделба на Друштвото.

**Член 4**

Откупот на акциите во смисла на член 1 и 2 ќе се врши со сопствени средства на Друштвото, при што уплатите за истите ќе бидат реализирани од сметката на Друштвото.

**Член 5**

Се овластува и се задолжува управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово непосредно по донесувањето на оваа одлука да ги преземе сите со закон дозволени и пропишани дејствија заради спроведување на истата.

**Член 6**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на надзорниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, донесена е одлука број 0203-35/1 од ден 04.02.2022 година, со која е дадено претходно одобрение и е задолжен управниот одбор на друштвото да пристапи кон преземање на дејствија за поделба на друштвото со издвојување со основање на ново трговско друштво, како и да донесе соодветен План за поделба.

Од страна на управниот одбор на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, донесена е одлука за усвојување на план за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво од ден 08.02.2022 година, заведена во друштвото под архивски број 0202-43/1 од 08.02.2022 година. Воедно, изготвен е План за поделба на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово со издвојување со основање на ново трговско друштво во форма на нотарски акт број ОДУ 57/2022 од ден 18.02.2022 година на нотар Нита Џафери-Исени од Тетово.

Согласно член 16 и 17 од Планот за поделба, акционерите на друштвото во рамките на постапакта за поделба имаа право и можност да се произнесат:

- Дека за сите или дел од своите акции ќе преземат удел во новооснованото друштво, и по потреба, разлика во пари чијшто износ не може да надмине 10% од номиналниот износ на примените удели;
- Дека не сакаат за нивните акции да преземат удел во новооснованото друштво, и бараат од ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово да им ги откупи нивните акции според понудената цена утврдена во овој План за поделба.

Акционерите кои не се произнеле на еден од начините наведени погоре се смета дека остануваат акционери во ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово.

Во текот на постапката за поделба, до друштвото се доставени изјави од акционери кои не сакаат за нивните акции да преземат удел во новооснованото друштво, и бараат од ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово да им ги откупи нивните акции според понудената цена утврдена во Планот за поделба, која изнесува 4.500 денари, односно 73 евра. Со оглед на горенаведеното, а во согласност со член 335 и 535 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери донесе одлука за откуп на предметните акции, како што е наведено во диспозитивот од оваа Одлука.

**Собрание на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово**

**Претседавач:**

ИНТЕРПРОМЕТ А.Д. ТЕТОВО 1

Прилог 1 – Листа на акционери кои се произнеле дека не сакаат за нивните акции да преземат удел во новооснованото друштво, и бараат од ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово да им ги откупи нивните акции според понудената цена утврдена во Планот за поделба

| Ред, бр. | Име и презиме на акционер | Адреса | ЕМБГ | Род на акции | Број на акции |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | НАТАША ПЕТРОВСКА | Илинденска 87, Тетово | 2204961475017 | Обични | 73 |
| 2 | УБАВКА ТАСЕСКА | с. Рогачево, Тетово – според акционерска книга<br>ул. Ѕоле Стојчев бр, 1/1-9, Скопје – Карпош според лична карта | 2502954475002 | Обични | 55 |
| | | | | ВКУПНО ОБИЧНИ АКЦИИ ЗА ОТКУП: | 128 |
| | | | | ВКУПНО ПРИОРИТЕНИ АКЦИИ ЗА ОТКУП: | 0 |